**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**

Скопје, 29 мај 2012 година

**Почитувани,**

Со големо задоволство ја примив поканата да учествувам на Меѓународната конференција на Конзорциумот за споредбени полициски студии, на која, поради меѓународни обврски, за жал, не сум во можност лично да присуствувам. Во оваа прилика би сакал на сите учесници да им посакам добредојде во Охрид, градот на мирот, толеранцијата и исконските духовни вредности на оваа земја.

Запознаен сум со досегашните активности и придобивки од дејноста на Конзорциумот. Овој голем европски потфат и проект, во кој учествуваат 15 универзитети од 10 земји-членки на Европската унија и од Македонија, е исклучително значаен за развојот на научно-истражувачката работа, размената на искуства и одредувањето на насоките и приоритетите во натамошните преобразби и модернизација на безбедносната и полициската дејност. Динамиката на развој на нашите општества, глобалните економски, политички и културни текови, поставуваат пред нас нови предизвици. Предизвици што бараат соодветен одговор за тоа како безбедносните структури ќе се организираат, преобразат и управуваат со новите ризици. Во тоа ја гледам смислата, придонесот и придобивките на вашиот Конзорциум.

Ве охрабрувам да продолжите во таа насока, да ја интензивирате научната соработка и размена, да го проширите проектот со нови земји, универзитети и истражувачи. Фактот што проектот на Конзорциумот е прифатен и поддржан од Европската унија и од Владата на Република Македонија, зборува дека земјите-учеснички ќе посветат соодветно внимание на вашите резултати, споредбени индикатори, иновативни предлози за промени, унапредување и управување во безбедносната и полициска дејност.

Како мултиетничка, мултијазична и мултирелигиска земја, но и како кандидат за членство во НАТО и во Европската унија, Република Македонија посветува големо внимание на научно-втемелените препораки за реформи на безбедносниот и полициски сектор во такви услови и околности. Верувам дека тоа е случајот и со останатите земји и општества од нашиот регион, кои градат и опстојуваат на вредностите на мирот и демократијата, човековите права и граѓански слободи, на толеранцијата и соживотот. Вредности, придобивки и залагања кои, меѓу другото, можеме да ги осигураме и со осовременување на безбедносната и полициска дејност, на науката и истражувањата за таа област.

Со увереност дека вашата дебата и размена во Охрид ќе биде творечки одговор на тие очекувања, дека ќе го продолжите и проширите, но и ефектуирате овој ваш професионален, хуман и благороден зафат, ви посакувам многу успех во работата на Конференцијата.

**д-р Ѓорге Иванов**